ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

## ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден **15.03.2022 година** во 08:00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

**Присутни:** Градоначалникот на Општина Крива Паланка **Сашко Митовски**, Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски,** Раководител на одделение за правни и општи работи **Даниела Велковска,** Раководител на Секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура - **Маја Костадиновска,** Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков**, **,** Раководител на одделение за испекциски надзор **Бранко Велиновски,** Раководител на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски,** Раководителот на Одд.за човечки ресурси **Игор Додевски**, Советник - Одговорен сметководител –**Марија Златановска,** Директорот на ЈП Комуналец **Миле Марковски**, Директор на ЛУ Градски музеј **Драган Величковски**, Советник за јавни набавки и водење седници на совет **Биљана Тасевска и Драган Цвијовиќ.**

### Дневен ред:

- **Разгледување на реализација на тековни задолженија**
- **Дискусија и Насоки за реализација на задолженија**
- **Разно**

### ЗАДОЛЖЕНИЈА И ЗАКЛУЧОЦИ

Градоначалникот на општина Крива Паланка, **Сашко Митовски** го водеше состанокот на колегиум со запознавање на тековните активности на одделенијата и планирање на активностите во нареден период при што беа донесени следните заклучоци:

**<u>Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој</u>**

Од страна на Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој **Мартин Николовски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.
-Да се обезбеди целокупната документација за објектот каде сега е отворена
Европската куќа.
-Да се отпочне со постапка за соработка со град Лесковац.
-Тековни активности

**<u>Одделение за финансиски прашања</u>**

Од страна на советник - одговорен сметководител – **Марија Златановска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.
-Тековни активности

**<u>Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура</u>**

Од страна на раководителот на одделението за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходниот период како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековниот период.

-Да се дадат работни налози на фирмите за работа по завршување на јавните набавки.
-Работен состанок (четврток 17.03.2022 година) и излегување на лице место за да се утврдат локации за дрвореди на главната улица од влезот на градот до Адмирал во координација со (Маја Костадиновка и Оливер Стојановски)
-Да се даде работен налог на ЈП Комуналец за санација на ѕидот на Градскиот плоштад.
-Да се даде работен налог на ЈП Комуналец за пропустите од кејскиот ѕид спроти игралиштето исто така да се поразговара со фирмата Лабино –Трејд за уредување на пропустот на Домачки Дол во Крива Река како што е примерот во Куков Дол.
-Забрзување и завршување на сите тековни градежни активности и отпочнување на нови градежни активности.
-Тековни активности

**<u>Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина</u>**

Од страна на раководителот на секторот за урбанизам,сообраќај и заштита на животна средина и одржување на комунална инфраструктура–**Маја Костадиновска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.
-Да се види за услови,начин и локација за користење на куќичките кои ќе бидат поставени на градскиот плоштад и да се спреми одлука за седница на Совет на Општина.
-Секој понеделник да се доставува извештај на изготвени легализации и завршени предмети од страна на вработените во одделението.

-Секој понеделник по однос на урбанистичките планови да се доставува извештај до каде е постапката и дали има некој проблем по однос на истиот.

-Тековни активности.

**<u>Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија</u>**

Од страна на Раководителот на Одделение за јавни дејности, локален економски развој и информатичка технологија **Антонио Давитковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела:

-Работен состанок (Маја Костадиновска, Мартин Николовски, Никола Граматиков) за ЈПП за Зелениот градски пазар и да се изготви одлука за физибилити студија и потоа да се распише јавна набавка.

-Работен состанок со група која била присутна на Форум на заедници одржан во Куманово за дефинирање на сите содржини и изготвување на соодветна техничка документација за адреналинскиот парк кој треба да биде реализиран на Калин Камен.

-Да се земат во предвид препораките дадени од ЗЕЛС при распишување на јавна набавка за електрична енергија и да се вградат во наредниот ребаланс на Буџет.

-Да се заврши отпочнатата постапка за одржување на крос на ден 1 Мај.

-До наредната недела да се заврши постапката за регистрација на Футсал клуб и да се види за учество во истата.

-Работната група да отпочне со организација за турнир во фудбал во координација со ПС ОН Крива Паланка.

-Да се дефинира содржински манифестацијата за 1 Април во координација со Драган Величковски и исто така Јасмина Ангеловска да стапи во координација со училиштата.

-Работната група (Маја Костадиновска, Никола Граматиков и Мартин Николовски) да одржат состанок за да се види за апликација за која има соодветна техничка документација и каде може да се искористат средствата (9 мил. денари) добиени од СИПР и дали ќе треба одлука за преоритет да се донесе на седница на Совет на Општина.

-Да се види до каде се активностие во Бабин Дол и за кој период ќе може да бидат завршени истите.

-Да се одржи работен состанок за запознавање и дефинирање на обврските за дигитализација на услуги за која ќе биде одговорен Грозданчо Христовски и исто така да биде направена презентација на самата програма до петок.

-Да се подготви тендерска спецификација за кетеринг услуги и ноќевања.

-Тековни активности.

**<u>Одделение за човечки ресурси</u>**

Од страна на раководителот на одделението за човечки ресурси **Игор Додевски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-По однос на функционалната анализа да се одржи состанок на работната група во присуство на градоначалникот.

-Да се изготви допис до МИОА и до други инстиуции по однос на исплаќање на минимална плата и плата на административните службеници и како точка за која градоначалникот ќе поразговара на состанок на ЗЕЛС.

-Да се започне со подготовка на измена на ГПВ 2022 година по насоки дадени од страна на градоначалникот.

-Тековни активности

**Одделение за правни и општи работи**

-Од страна на раководителот на одделението **Даниела Велковска** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни активности

**Одделение за инспекциски надзор**

-Од страна на раководителот за инспекциски надзор **Бранко Велиновски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Тековни работи и зголемени контроли;

-Поголема активност на комуналните редари;

-Тековни активности.

**ЈП Комуналец**

Од страна на директорот на ЈП Комуналец, **Миле Марковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се направи средба за Цонев Рид со сопствениците за да се најде соодветно решение.

-Средба со месното население по однос на приклучоци за канализација.

-Активностите кои не се завршени да бидат спроведени за јавна чистота според планот и динамиката.

-Фирмата која е задолжена да даде идејно решение за холтикултурното уредување и да се изврши засадување на набавените садници и уредување на договорените локации.

-Да се поправи оградата и уреди складот на ЈП Комуналец во с.Конопница пред гробиштата.

-Уредување на паркинг просторот кај поранешен зелен пазар.

-Тековни активности

**ЛУ Градски Музеј**

Од страна на директорот на ЛУ Градски музеј, **Драган Величковски** беше дадено известување во врска со тековните активности реализирани во претходната недела како и планираните активности кои ќе се реализираат во тековната недела.

-Да се дефинира програмата за 1 Април во координација со Антонио Давитковски после завршениот колегиум на работен состанок.

-Тековни активности

**Генерални заклучоци за сите одделенија**

- Од страна на сите одделенија, кои имаат потреба од дополнителни средства, да достават до одделението за финансиски прашања да биде влучено во следниот ребаланс на буџетот.
-Да се одржи состанок на кој како точка на разгледување да биде изготвување на Правилник за доделени средства за помош на граѓани на кој начин се доделени истите за да има законска рамка за истото и да се стапи во координација и со другите општини.

**15.03.2022 година, Крива Паланка**
**Изготвил: Клара Стевановска**